Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

На 22.12.2023 година, Националниот превентивен механизам (НПМ) спроведе редовна ненајавена посета на Психијатриската болница „Негорци“, со фокус на одделението каде што се сместени лицата на коишто им е изречена мерка на безбедност – задолжително лекување и чување во здравствена установа. Посетата започна во 10:30 часот, а заврши во 14:00 часот (вкупно времетраење од 3 часа и 30 минути).

Целта на оваа посета, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, е идентификување ризици заради спречување тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Во оваа смисла, за време на посетата беа испитани:

• материјални услови во коишто се сместени и задржани пациентите,

• постапувањето на службените лица со пациентите,

• користење на средства за присилба (фиксација),

• евиденции и медицинска документација на пациентите,

• други места (работни простории и др. помошни простории како кујна, тоалети и сл.).

Болницата е во надлежност на Министерството за здравство кое е одговорно за севкупното нејзино функционирање. Во отсуство на директорот, тимот на Националниот превентивен механизам најпрво разговараше со правникот вработен во установата, а потоа направи увид и во материјалните услвови во зградата на т.н. судско одделение. Во текот на посетата пристигна и директорот, со кого што, исто така беше извршен разговор.

За потребите на посетата, НПМ тимот беше придружуван од надворешни соработници/експерти, психијатар и клинички психолог.

Согласно утврдената методологија за спроведување на посети, тимот се подели во два подтима, па спроведе увид во материјалните услови, разговаше со персоналот ангажиран во одделението, како и со дел од пациентите.

Посетата на болницата се реализираше во целосна соработка со управата и вработените на установата, пришто НПМ тимот имаше непречен увид во местата на сместување, како и целосна слобода во изборот на лица со кои спроведе разговор.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител – Национален превентивен механизам ќе подготви посебен извештај во кој ќе ги нотира

констатираните позитивни и негативни состојби, а ќе даде и соодветни препораки кои ќе бидат доставени до Министерството за здравство и до Психијатриската болница „Негорци“, со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.